РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-68/7
03.07. 2025 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 32 седница одржана на 19.06.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Информациски и компјутерски науки" втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за информатички и и комуникациски технологии - Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола**

1.Се акредитира студиската програма „Информациски и компјутерски науки" втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за информатички и и комуникациски технологии - Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2025/2026 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и со стручен назив: Магистер на науки по Информациски и компјутерски науки /во меѓународен промет, стручен, назив: Master of Science in Information and Computer Science.

Научно - истражувачко подрачје: 1 Природно-математички науки 2 Инженерство и технологија; Научно – истражувачко поле: 1.02 Компјутерски и информациски науки, 2.02 Електротехника, електроника и информациско инженерство, Научно – истражувачка област: 1.02.00.01 Компјутерски науки, 1.02.00.02 Информациски науки, 1.02.00.04 Друго, 2.02.00.14 Компјутерски технологии и инженерство 2.02.00.15 Компјутерско инженерство, информатика и роботика, 2.02.00.23 Друго.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 25 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 14-1316/6-1 од 31.10.2024 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Информациски и компјутерски науки" втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за информатички и и комуникациски технологии - Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 08-41/1 од 21.01.2025 година (наш бр. 08 - 68/1 од 22.01.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 22-та седницата одржана на 28.01.2025 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 68/6 од 20.06.2025 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 32-та седница одржана на 19.06.2025 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Гуровски